| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето |
| **Содржина на денот** | Кој прв до сандачето |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Со ширење на рацете, дете и возрасен вежбаат играат игра и покажуваат како еден од друг прават растојание. |
| **Активности** | Натпреварувачка игра - „Кој прв до сандачето“.<br>Детето заедно со возрасен застануваат на одредено место во домот. Возрасниот одбележува две линии за движење, застанува заедно со детето и почнуваат да играат. Одат по првата линија два чекори напред и два чекори назад, потоа прават голем чекор и згазнуваат на втората линија. Движењата се повторуваат неколку пати. Возрасниот предлага да се натпреваруваат и заедно со детето одбираат сликички кои ќе ги носат до сандачето кое возрасниот го поставил во друга просторија. Натпреварот почнува со интензитет, трча детето заедно со возрасниот да стигне до целта. Кој од нив ќе биде побрз и ќе стигне до сандачето да ги стави сликичките во него. Откако ќе се стават сите сликички се отвара сандачето, се вадат сликичките и се разгледуваат. Потоа се бројат кој повеќе сликички ставил во сандачето. Играта продолжува со одбирање на нови сликички кои повторно ќе се носат до сандачето, а играта ќе трае додека има интерес и договор меѓу детето и возрасниот.<br>Игра-Црвен плик.<br>Во домот возрасниот дава инструкции, му помага и објаснува на детето како да направи плик и да ја одбере црвената боја од колаж хартијата, за да го изработи кој ќе биде потребен во него да го стават пишаното писмо со новогодишните желби. Со лепак и ножици детето го прави пликот, а потоа пишуваат желби и го ставаат во сандачето. |